# ПАТОТ ДО ДИЈАГНОЗА ЗА МИЕЛОМ

Миелом, исто така познат и како мултипен миелом, е редок вид на рак на коскената срцевина кој се јавува како промена во плазма клетките. Во Европа, секоја година се дијагностицираат околу **50 000 нови случаеви на лица со миелом.**

## СОМНЕЖИ ЗА МИЕЛОМ?



### Знаци и симптоми на миелом

Ако пациентот има еден или повеќе од следните необјасниви симптоми, размислувајте за тестирање за миелом.

- **Болка во коските/ болка во грбот,** Обично претставува необјаснива болка насекаде по телото или болка на одреден дел од телото
- **Промени во урината,** урина, зголемено или намалено уринирање
- **Ненамерно губење на тежина**
- **Губење на здив**
- **Спонтани фрактури,** іВклучувајќи и остеопорозни вертебрални фрактури
- **Притисок во 'рбетниот столб:** рБолка, чувство на боцкање како со игли, вкочанетост и слабост во нозете и стопалата, проблем во контролирање на бешиката и цревата
- **Инфекции кои се повторуваат**
- **Замор и слабост**



Постојат четири карактеристики кои го дефинираат миеломот, познати како КБАК критериум:

| К | Б | А | К |
|---|---|---|---|
| Покачени вредности на **К**алциум | **Б**убрежно оштетување/ инсуфициенција | **А**немија | **Б**олест на **К**оските |

## РАЗМИСЛУВАЈ ЗА МИЕЛОМ!

### Тестови и испитувања за Миелом

Ако се сомневате дека пациентот има миелом, треба да ги спроведете следниве тестови и испитувања:

**1 Целосна крвна анализа и специфични хемиски анализи на крвта**

- Целосна крвна анализа: барајте знаци за необјаснива анемија
- Вредности на седиментација на еритроцити: обично се покачени

**2 Мерење на серумски протеини**

- UУрина и електрофореза на серумски протеини: проверка на присуство на парапротеин
- Одредување ниво на серумски слободни лесни синџири ако е недостапно, урина
- Тестови на урина (обрнете внимание на тестовите од урината, 24 часови собирање на урина и Bence Jones тест за протеин) Имуноглобулини во серум (IgG, IgA, IgM)



**3 Дополнителни тестови кои треба да се земат во предвид**

- Серум албумин
- Бета-2 микроглобулин
- Ц-реактивен протеин
- Калциум: тестирање заради хиперкалцемија
- Лактат дехидрогенеза тест (ЛДХ)
- Проценка на стапка на гломеруларна филтрација





## УПАТ И ДОПОЛНИТЕЛНИ ИСПИТУВАЊА

Ако првичните тестови и испитувања укажуваат на миелом или ако пациентот чувствува симптоми кои не поминуваат, тогаш тој треба да се упати на Клиника за хематологија заради потребните понатамошни испитувања за потврда на дијагнозата:

- Аспирација/Биопсија на коскена срцевина
- Х-Зраци, испитувања на скелетот
- КТ на цело тело, со ниска доза
- МР на цело тело
- ПЕТ/КТ





## ПОВРЗАНИ ДИЈАГНОЗИ

**Моноклонална гамапатија со неодредено значење (МГНЗ)**
Без третман – надгледување

**Прогресија кон АЛ амилоидоза, миелом или плазмоцитома:**
1% на годишно ниво

**Бавнопрогресирачки миелом**
Без третман – надгледување

**Прогресија во миелом: 10% на годишно ниво**

*Прилагодено и одобрено од Myeloma UK Myeloma Diagnosis Pathway*

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗВОРИ


1. **Препораки од European Myeloma Network за алатки за дијагноза и следење на мултипен миелом: што да се користи и кога.** *Haematologica*. 2018; 103 (11): 1772-1784.
2. **Мултипен миелом: EHA-ESMO Клиничко практично упатство за дијагноза, лекување и следење.** *Annals of Oncology*. 2021: 32 (3): 309-322.


HEMA-ONKO
Association dedicated to cancer patients and their caregivers

MPE Myeloma Patients Europe


info@mpeurope.org | www.mpeurope.org